Деловен систем за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инжeнерски работи
АДИНГ АД
Бр 02-1851/2
16.04.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 480 ст.3 од законот за трговски друштва, Надзорниот Одбор на АДИНГ АД до Собранието на акционери на АДИНГ Скопје поднесува

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА АДИНГ АД СКОПЈЕ
# ЗА 2017 ГОДИНА

Согласно законската регулатива на општите акти на друштвото, Надзорниот Одбор има овластувања да врши надзор врз управувањето со Друштвото.

Надзорниот Одбор, на вонредна седница одржана на 16.04.2018 година, ја разгледа Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2017 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото изготвен од Управниот Одбор на АДИНГ АД Скопје, консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2017 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва со предлог одлука на Управниот Одбор за распределба на добивката по годишната сметка, извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2017 година од овластениот ревизор ГРАНТ ТОРНТОН, при што констатира дека :

- Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2017 година и консолидираната годишна сметка на АДИНГ АД и поврзаните дрштва се согласно прописите на Република Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и од Ревизорската куќа ГРАНТ ТОРНТОН.

Поради тоа Надзорниот Орган му предлага на Собранието на акционери на АДИНГ АД Скопје на годишното Собрание, Годишната сметка на АДИНГ АД Скопје за 2017 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на друштвото, како и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за работата во 2017 година на АДИНГ АД Скопје и поврзаните друштва, со предложената распределба на добивката да ги усвои.

Во текот на 2017 година Надзорниот одбор одржа 5 редовни седници и 1 вонредна седница во состав Претседател Благоја Мојсовски, Заменик претседател Александар Белев, член Александра Петровска и независен член Иванка Ќупев.

Согласно Одлука 02-2557/8 од 18.05.2017 година на Собранието на акционери на Адинг АД Скопје, поради истек на мандатот на членовите на Надзорниот одбор беа избрани нови членови и тоа Александар Белев, Александра Петровска, Филип Филипоски и Раде Јанков – независен член.

Надзорниот одбор на ден 22.05.2017 година одржа 1-ва конститутивна седница и согласно чл.379 од Законот за трговски друштва донесе одлука со која се избира Александар Белев за Претседател на Надзорниот одбор и Александра Петровска за Заменик претседател на Надзорниот одбор. Надзорниот одбор во новиот состав во текот на 2017 година одржа 9 редовни седници.

Присуството на седниците на Надзорниот Одбор како и на Претседателот на Управниот Одбор беше редовно.

Материјалите за разгледување на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва беа остварување на плановите за: реализација на продажбата на домашен и странски пазар; остварување на производството и реализација на набавките; трошоците; пресметките; остварените добивки односно загуби и друго.

Како резултат на разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор за работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва за 2017 година донесени се голем број на заклучоци како и 7 одлуки и тоа:

- Одлука бр.15 од 06.03.2017 година за распределба на овластувањата на членовите на Управниот одбор според деловите на работниот процес на Адинг АД Скопје
- .Одлука бр.16 од 26.04.2017 година за утврдување на текстот на Извештајот за работата на Надзорниот одбор за 2016 година.
- Одлука бр.1 од 22.05.2017 година за избор на Претседател на Надзорниот одбор.
- Одлука бр.2 од 22.05.2017 година за избор на Заменик претседател на Надзорниот одбор
- Одлука бр.3 од 22.05.2017 година за избор на членови на Управниот одбор на Адинг АД Скопје
- Одлука бр.4 од 22.05.2017 година за распределба на овластувањата на членовите на Управниот одбор според деловите на работниот процес на Адинг АД Скопје
- Одлука бр. 5 од 07.06.2017 година за овластување на Претседателот на Надзорен одбор за потписник на договорите за уредување на односите со членовите на Управниот одбор

Покрај разгледувањето на работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку материјалите добиени од Управниот Одбор, Надзорниот Одбор беше информиран од страна на Претседателот на Управниот Одбор за:

- Наплатата на побарувањата од: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Казакстан, Иран и други фирми;
- Прославата на 48 години АДИНГ АД;
- Реновирање на: портирницата, просториите во погонот за базни производи, купатилата и санитариите, планот за модернизација на линијата за производство на прашкасти производи и други помали инвестиции во АДИНГ АД;
- Разговорите со деловниот партнер од Иран за подмирување на нивните обврски кон АДИНГ АД;
- Обновата на возниот парк;
- Исплатата на дивидендата;
- Кадровските решенија во: АДИНГ АД Скопје, БИЗНИС ЦЕНТАР-АДИНГ, АДИНГ Бугарија и во ИНВЕСТ А;
- Тргување на акциите на АДИНГ на берза;
- И други тековни работи.

Анализирајќи го работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва во 2017 година имајќи ги во предвид условите за стопанисување во нашата држава а и во другите држави, особено потешкотиите околу ликвидноста во тековното работење, Надзорниот Одбор работењето во 2017 година го оцени како многу успешно.

Во 2017 година во АДИНГ АД остварени се следните резултати:

- Вкупната нето продажба на готови производи на домашен и странски пазар изнесува ***5,083,073 евра*** евра. (+*471,877* евра од останати приходи, или вкупно ***5,554,950*** *евра* евра). Реализацијата од готови производи беше **116%** од планираната, а **94%** во однос на 2016 година.
- Вкупното производство во натурални податоци изнесува **6.673** тони и е поголемо за **4%** во споредба со 2016 година, а во финансиски показатели по материјални цени изнесува **3,040,903** евра и е поголема за **11,5%** во споредба со 2016 година.
- Остварените трошоци изнесуваат **4.729.077** евра и се за **1,32%** поголеми во однос на реалните трошоци према остварувањето на планот за 2017 година.

Во 2017 година резултатите од финансиското работење во АДИНГ АД се следните:

- Приходите од деловното работење изнесуваат ***5,554,950 евра***.

- Добивката по оданочување изнесува ***269.572*** евра што претставува **4,81%** од вкупните деловни приходи.

Во поглед на другите активности во АДИНГ АД може да се наведе и следното:

- Одржувањето на системот за менаџмент со квалитет и системот за животна средина.
- и други активности.

**Инвестициите во АДИНГ АД во 2017 година изнесуваа вкупно 20.628.702 денари.**

Надзорниот Одбор и во текот на 2018 година продолжи да го следи работењето на АДИНГ АД и поврзаните друштва преку разгледување на материјалите добиени од Управниот Одбор.

Претседател на Надзорен Одбор
Белев Александар

Април 2018 година
Скопје

Член на Надзорен Одбор
Филипоски Филип

Незав. член на Надзорен Одбор
Јанков Раде